РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1419/3
16-06-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 19-тата седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1419/1 од 28.04.2025 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај од причина што за пријавените наводи друг орган е надлежен да постапува.

Пријавата ќе се достави на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија – Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионали стандарди и до Основното јавно обвинителство на РСМ.

Предметот со број 12-1419/1 од 28.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на полномошник адвокат ------- од Скопје, на ден 28.04.2025 година, поднесена е пријава против полицискиот службеник ---------, вработен во Министерството за внатрешни работи на РСМ – СВР ------ и оформен е предмет број 12-1419/1 од 28.04.2025 година.

Пријавата е насловена до Министерството за внатрешни работи на РСМ - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионали стандарди, Јавен Обвинител и специјализираното одделение за гонење на кривични дела

сторени од лица со полициски овластувања при Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на РСМ и до Државната комисија за спречување на корупцијата.

Во пријавата, подносителот наведува дека наведениот полициски службеник заедно со неговиот татко --------, кои воедно биле и сопственици на угостителскиот објект „Рибник" во с.------, подолг временски период вршеле малтретирање врз локалното население изразено преку заплашување, закани, омаловажување, како и континуирано загадување на реката ------- преку отпадот од нивните деловни објекти.

Имено, подносителот наведува дека полицискиот службеник, често пати ја злоупотребува својата положба на начин што надвор од работното време и поради приватни причини се легитимира со полициската легитимација, покажувајќи го службеното оружје се заканува и ги заплашува локалните жители со кои има недоразбирање на лична основа, а вршел и злоупотреба користејќи го службеното возило, сам или заедно со негови колеги, при што намерно го попречувал патот на возачите и патниците со упатување на навреди и омаложувување.

На ден 12.05.2025 година до ДКСК доставено е дополнување на пријава, заведена со архивски број 12-1419/2, против истиот полициски службеник во која е наведено дека на ден 10.05.2025 година, во --:-- часот по полноќ, во село -------, на патот помеѓу ------ и ------, од страна на две лица бил предизвикан пожар во една куќа. Се посочува дека видно од видео записите од безбедносните камери двете лица ги кршеле стаклата од прозорите, влегувале во внатрешноста, ја палеле куќата, по што заминувале од местото на настанот.
Подносителот наведува дека ваквите дејствија се преземени од страна на полицискиот службеник -------- и неговиот татко ------- од с. ---------.

Од извршена анализа на јавно достапните информации констатирано е дека Основното јавно обвинителство на РСМ веќе постапува по наводите од пријавата во однос на пожарот на куќата во с. -------.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот – за предметниот случај во тек е постапка пред надлежен орган Основното јавно обвинителство на РСМ кое оформило предмет

во врска со предметните наводи, а пријавата заедно со прилозите ќе се достави на понатамошно надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија – Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионали стандарди и до Основното јавно обвинителство на РСМ.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата